Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија ,
одржана на 20 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:00 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје и Душица Сеизовска-Јовановиќ, претставник од Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје.

На седницата не учествуваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 132-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2022 година

- Усвојување на Записникот од 133-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јануари 2022 година

- Усвојување на Записникот од 1-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2022 година

- Усвојување на Записникот од 2-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2022 година

- Усвојување на Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2022 година

1. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 20 јануари 2022 година, со Предлог-одлука

2. Извештај за изршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството, со текст на Меморандум за разбирање

3. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за исплата на пензии за јануари 2022 година

7. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година

8. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2022 година, со Предлог-одлука

9. Информација за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал

10. Информација во врска со поднесување Барање за запирање на постапка за ликвидација за Грант корисник од Холандија во врска со Грант договор финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА Програмата за развој на човечки ресурси 2007-2013

11. Информација за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта, со Предлог-одлука

12. Предлог-решение за назначување на копретседавачи и членови во заедничките меѓувладини работни групи за продлабочување на билатералната соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија

13. Предлог-договор за деловно–техничка соработка помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштво за дистрибуција на топлинска енергија - Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје, Друштво за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје, Друштво за производство на топлинска енергија - Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје и со Скопје Север АД Скопје

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2022 година, Записникот од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јануари 2022 година, Записникот од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2022 година, Записникот од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2022 година и Записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2022 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 20 јануари 2022 година, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 20 јануари 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на топлинска енергија во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија со заклучок членот 2 на Одлуката да се дополни со износ од „360.000.000,00“ денари.

Истовремено, се задолжува Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје секој месец во наредните три месеци до Владата и Министерството за финансии да доставува информација со детална проекција и пресметка на потребните финансиски средства за обезбедување на дополнителни количини на топлинска енергија за февруари, март и април 2022 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Извештајот за изршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството, со текст на Меморандум за разбирање и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

1. Владата ја именува м-р Магдалена Несторовска досегашен државен секретар во Министерството за внатрешни работи за државен секретар во Министерството за внатрешни работи, истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата и ѝ утврди зголемување за 20% на платата утврдена за извршување на функцијата.

2. Владата го именува Сашо Тасевски досегашен директор на Бирото за јавна безбедност за директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи, за време од четири години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 5

Владата заклучи заклучоците од точка 4 од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2022 година, да се изменат и да гласаат:

„1. Се задолжува Службата за општи работи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи да ги преземат сите потребни активности и координација во врска со сместувањето и превозот на новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, која ќе се одржи на 25 јануари 2022 година.

2. Се задолжува на Службата за општи работи и заеднички работи на Владата Република Северна Македонија да ги покрие трошоците (превозот и хотелското сместување) за новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за 24 и 25 јануари 2022 година.“.

- Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство да обезбеди бесплатни RT PCR SARS-CoV-2 тест за новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за 24 и 25 јануари 2022 година.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јануари 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25 јануари 2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јануарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26 јануари 2022 година.
3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 26.1.2022 година (среда),
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 27.1.2022 година (четврток),
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 28.1.2022 година (петок) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 31.1.2022 година (понеделник ).

**Точка 7**

Владата, повторно ја разгледа, Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година и притоа заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година, во предложениот текст.

2. Се укажува на Општина Кичево по комплетирање на проектната документација за реконструкција на детската градинка во Кичево, истата да ја достави до Министерство за труд и социјална политика, а Министерството по добивање на комплетната проектна документација за проширување на капацитетот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст од страна на Општина Кичево до Владата на Република Северна Македонија, да достави Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година, која ќе биде изменета и дополнета и со реконструкција на детската градинка во Кичево.

**Точка 8**

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2022 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да започне со подготовки за емисија на еврообврзница во текот на 2022 година, вклучувајќи постапка на избор на конзорциум на банки кои ќе бидат водечки агенти и покровители на емисијата на еврообврзница, како и избор на правни советници за англосаксонско право, соодветно на условите на емисијата на еврообврзница.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација и Државниот завод за статистика, а се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Комисијата за хартии од вредност и Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од пет работни дена да номинираат најмалку двајца претставници кои во име на институцијата која ги номинирала ќе го водат и координираат процесот на подготовка на еврообврзница и нивните контакт податоци (е-пошта и број на мобилен телефон) да ги достават до Министерството за финансии на следните адреси за е-пошта: cabinet@finance.gov.mk, biljana.krusarovska@finance.gov.mk и mila.krekik@finance.gov.mk.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесување Барање за запирање на постапка за ликвидација за Грант корисник од Холандија во врска со Грант договор финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА Програмата за развој на човечки ресурси 2007-2013 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го овласти официјалниот претставник (амбасадорот) на Република Северна Македонија во Кралството Холандија да достави Барање за запирање на постапката за ликвидација на СЕЕД Фондацијата (Sitching SEED, SEED Foundation) со седиште во Zandvoortselaan 74, 2106 CR Heemstede, Netherlands official registration Number 34282442 and VAT Number: NL 8184 38 940 B01 пред надлежен орган, односно суд во рокот предвиден за доставување на Барањата, односно до 25.1.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, врз основа на проценката за целисходноста и економичноста на постапката, да постапи согласно барањата на Државното правобранителство наведени во дописот со бр. IX Стр.бр.1/22 од 20.1.2022 година и да спроведе постапка за прибирање на најмалку три понуди од адвокатски канцеларии/друштва за застапување на Република Северна Македонија, Министерство за финансии- Сектор за централно финансирање и склучување на договори пред надлежните судови како и пред сите органи за преземање на правни дејствија согласно позитивните правни прописи на Холандија за запирање на постапката за ликвидација на фондацијата СЕЕД, во Кралството Холандија.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги преземе сите дејствија и да ги координира сите надлежни институции во постапката за запирање на постапката за ликвидација на СЕЕД Фондацијата (Sitching SEED, SEED Foundation) со седиште во Zandvoortselaan 74, 2106 CR Heemstede, Netherlands official registration Number 34282442 and VAT Number: NL 8184 38 940 B01 пред надлежен орган, односно суд, а со цел наплата на преостанатиот износ на долгот кој Фондацијата СЕЕД го должи кон Министерството за финансии, Секторот за централно финансирање и склучување на договори по однос на издаденото барање за поврат на средства бр.12- 825/1 од 2 февруари 2019 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлог-решението за назначување на копретседавачи и членови во Заедничките меѓувладини работни групи за продлабочување на билатералната соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и го донесе Решението со заклучок во Заедничката меѓувладина работна група за европска интеграција и зелени политики како член да се назначи и министерот за економија, Крешник Бектеши.

**Точка 13**

Владата се информираше со Предлог-договорот за деловно–техничка соработка помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштво за дистрибуција на топлинска енергија - Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје, Друштво за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје, Друштво за производство на топлинска енергија - Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ-Скопје и со Скопје Север АД Скопје.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**